**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

ПП бр.09-40/12

Врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија” бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.208/24 и 16/25), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, во состав: М-р Борче Размоски–Претседател, М-р Малинка Силјановска Николиќ, Александар Тргачевски, Никола Трајчевски и Valon Elezi-членови постапувајќи по службена должност против Трговско друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола, со седиште на ул„Петар Петровиќ Његош” бр.131, Битола, застапувано од Адвокатско друштво Менкиноски од Скопје, заради утврдување на сторен прекршок од член 61 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, на седницата одржана на 11.07.2025 година го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.Се утврдува дека РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола, со седиште на ул„Петар Петровиќ Његош” бр.131, Битола, застапувано од Адвокатско друштво Менкиноски од Скопје, со ЕМБС:4171543, ЕДБ:4002990100656, жиро-сметка бр 500000000024180 во Стопанска Банка АД Битола не постапило по не постапило по Заклучок за доставување на податоци бр. 08-98 од 01.11.2023 година на Комисијата во определениот рок, а во смисла на член 49 од Законот, на начин што не ги доставило податоците побарани со наведениот заклучок во определениот рок кој истекувал на 12.11.2023 година, како ден до кога Трговско друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола било должно да ги достави бараните податоци и со тоа сторило прекршок од член 61 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, за што му се изрекува санкција – глоба во износ од 60.000,00 денари, што претставува 0,04387% од вредноста на вкупниот годишен приход на Трговско друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола остварен во 2024 година, како последна деловната година за која истото има составено годишна сметка.

2. Глобата од точка 1) од ова решение сторителите на прекршокот се должни да ја платат во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840ххх07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРСМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата**.** Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Комисијата за заштита на конкуренцијата со допис бр.08-21 од 15.04.2024 година до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата достави барање за поведување на прекршочна постапка.

**Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk** e-mail: **kzk@kzk.gov.mk**

Со барањето, Комисијата за заштита на конкуренцијата бара Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да поведе постапка по службена должност меѓу другите и Трговско друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола, со седиште на ул„Петар Петровиќ Његош” бр.131, Битола со ЕМБС:4171543 и единствен даночен број:4002990100656 з застапувано од Адвокатско друштво Менкиноски од Скопје, заради непостапување по заклучок бр.08-98 од 01.11.2023 година за доставување на податоци во определениот рок, а во смисла на член 49 од Законот за заштита на конкуренцијата, што претствува прекршок од член 61 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Заклучокот за доставување на податоци ПП бр.08-98 пд 01.11.2023 година беше доставен до ЕКО КЛУБ ДООЕЛ, Битола, претпријатие кое на ден 03.04.2020 година има направено промена на назив на фирма во Трговско друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола видно од прибавен Историјат на промени од Централен регистар. Видно од повратницата односно извештај за врачување од Македонски пошти, наведениот субјект го примил горенаведениот Заклучок на ден 03.11.2023 година.

Понатаму во барањето се наведува ЕКО КЛУБ ДООЕЛ, Битола, со седиште на ул„Петар Петровиќ Његош” бр.13, Битола до Комисијата за заштита на конкуренцијата не ги доставило потребните податоци, во законски определениот рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на заклучокот бр.08-98 од 01.11.2023 година, односно не доставил: Вкупно откупени количини на отпадна хартија од физички лица (неформални собирачи) од територија на град Скопје; Вкупно откупени/собрани количини на отпадна хартија од правни субјекти (создавачи на отпад) од територија на град Скопје; Вкупно откупени/собрани количини на отпадна хартија од други субјекти (да се наведе кои) од територија на град Скопје; Вкупно откупени количини на отпадна пластика од физички лица (неформални собирачи) од територија на град Скопје;-Вкупно откупени/собрани количини на отпадна пластика од правни субјекти (создавачи на отпад) од територија на град Скопје;Вкупно откупени/собрани количини на отпадна пластика од други субјекти (да се наведе кои) од територија на град Скопје;Вкупно откупени количини на отпадно стакло од физицки лица (неформални собирачи) од територија на град Скопје; Вкупно откупени/собрани количини на отпадно стакло од правни субјекти (создавачи на отпад) од територија на град Скопје; Вкупно откупени/собрани количини на стакло од други субјекти (да се наведе кои) од територија на град Скопје.

Целта на прибавувањето на податоците било Комисијата за заштита на конкуренцијата, како орган надлежен за спроведување на Законот за заштита на конкуренцијата (Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија” бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.208/24 и 16/25) да изврши правилна оценка на поднесено известување за концентрација помеѓу КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО, Умка Србија и НУТРИВЕТ ДОО Скопје, кои имале намера да извршат спојување на бизнисот за собирање, транспорт, складирање и третман на неопасен отпад на НУТРИВЕТ ДОО Скопје со бизнисот на ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА ДООЕЛ Скопје.

Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Со оглед на фактот дека ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола, односно сега преименуван во Трговско друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола заклучокот бр.08-98 од 01.11.2023 година го примил на 03.11.2023 година и не постапил по заклучок, односно не ги доставил бараните податоци, во утврдениот рок, Комисијата за заштита на конкуренцијата побара Комисијата за одлучување по прекршок како орган кој води прекршочна постапка пред Комисијата за заштита на конкуренцијата и изрекува прекршочна санкција за прекршоците определени со Законот за заштита на конкуренцијата, по службена должност да поведе прекршочна постапка против Трговско друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола, заради утврдување на евентуален прекршок од член 61 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата..

Имајќи го во предвид горенавееното, а од причина што Трговско друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола не постапило во законски утврдениот рок за одговор по Заклучок 08-98 од 01.11.2023 година КОП при Комисијата за заштита на конкуренцијата, на седница одржана на ден 21.02.2025 година, донесе Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-40/1 со кој Заклучок, КОП побара Трговско друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола да ги достави до КОП следните документи и податоци: Извод од Централен регистар за тековна состојба; Биланс на успех за 2023 година и Податоци за жиро - сметка, единствен даночен број и депонент – банка во рок од 8 дена.

Заклучокот е доставен со пропратно писмо ПП бр.09-40/2 од 21.02.2025 година

На ден 25.03.2025 година Трговско друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола достави договор на Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-40/3 и со истиот ги достави бараните податоци и документи.

Во одговорот на заклучокот се наведува дека не се исполнети законските основи за изрекување на прекршочна санкција, од причина што Трговско друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола заклучокот бр.08-98 од 01.11.2023 година никогаш не го примил, односно дека се неточни наводите на КОП дека истиот бил уредно примен на ден 03.11.2023 година.

Во врска со повратницата за уредна достава на Заклучокот бр.08-98 од 01.11.2023 година од Македонски пошти Трговско друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола истакнува дека на истата не е содржан печат на правното лице за уреден примен на заклучокот и од тие причини и предлаат на КОП да донесе решение со кое ќе утврди дека Трговско друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола не сторило прекршок предвиден со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата.

На ден 04.04.2025 година Комисијата за заштита на конкуренцијата при Комисијата за одлучување по прекршок донесе Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.09-40/5.

Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.09-40/5 е доставено со пропратно писмо ПП бр.09-40/6 од 07.04.2025 година.

На ден 29.04.2025 година полноошникот на Трговско друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола достави Поднесок-произнесување ПП бр.09-40/7 на прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба.

Во одговорот се наведува дека заклучокот на Комисијата бр.08-98 од 01.11.2023 година е доставен до правното лице ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола, кој зназив е сменет на 29.04.2020 година, а не со новиот назив на друштвото- Трговско друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола. Итсо така с енаведува дека видно и од повратницата од Македонски пошти за наводниот прием на горемаведенит заклучок не е содржан печат на правното лице РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола, а потписот на истата не е на правното лице кое со уредно полномошно издадено до страна на РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола во македонски пошти во 2023 година и истото го предложија до Комисијата за заштита на конкуренцијата бара Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да се изведе како доказ во постапката. Врз основа на горенаведеното, РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола предложи на Комисијата за заштита на конкуренцијата да донесе решение со кое че утврди дека Трговско друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола не сторило прекршок превиден со Закон за заштита на конкуренцијата.

На ден 30.05.2025 година Комисијата за заштита на конкуренцијата при Комисијата за одлучување по прекршок донесе Конечно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 09-40/8.

Конечното известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 09-40/8 е доставено со пропратно писмо ПП бр.09-40/9 од 30.05.2025 година.

На ден 23.06.2025 година полномошникот на РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола достави до Комисијата за одлучување по прекршок Поднесок-Дополнување на произнесувае по однос на Конечно известување за утврден афактичка состојба.

На ден 26.06.2025 година полноошникот на Трговско друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола повторно го достави истиот допис-односно Поднесок-произнесување, сега заверен со архивски број ПП бр.09-40/11 а кој се однесува на Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба.

**<u>По прибавувањето на потребните податоци од значење за правилно одлучување во прекршочната постапка и од прибраните докази на лице место, како и од произнесувањето по прелиминарното и конечното изјаснување за утврдена фактичка состојба на Трговско друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола КОП утврди дека:</u>**

Трговско друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола не постапило по Заклучок за доставување на податоци бр. 08-98 од 01.11.2023 година на Комисијата во определениот рок, а во смисла на член 49 од Законот,

Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

на начин што не ги доставило податоците побарани со наведениот заклучок во определениот рок кој истекувал на 12.11.2023 година, како ден до кога Трговско друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола било должно да ги достави бараните податоци и со тоа сторило **прекршок од член 61 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Согласно член 61 став (1) од ЗЗК, КОП на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 1% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако:

-Не постапи по заклучок на Комисијата за заштита на конкуренцијата или Комисијата за одлучување по прекршок за доставување на податоци во определениот рок, а во смисла на член 40, член 48 и член 49 од овој закон;

Вкупните приходи на Трговско друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола остварени во 2024 година изнесуваат 136.760.686,00 денари.

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе ги земе во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот.

Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата утврди дека износот на глобата кој се изрекува на Трговско друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола за сторен прекршок од член 61 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата изнесува 60.000,00 денари, што претставува 0,04387% од вредноста на вкупниот годишен приход на Трговско друштво за еколошки, комунални и други услуги РЕМОНДИС МЕДИСОН ДООЕЛ Битола остварен во 2024 година, како последна деловната година за која истото има составено годишна сметка.

Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**М-р Борче Размоски**